Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров бр.3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 24-та седница одржана на 28.12.2022 година донесе :

# П Р О Г Р А М А
# за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на земјоделието за 2023 година

## I. ВОВЕД

Контролата на каналите за наводнување, нивно навремено чистење и обезбедување на доволен доток на вода за време на пролетна и есенска сеидба, изработка на регистер на земјоделско земјиште, како и регистрација на број на земјоделски стопанства во Општина Ѓорче Петров, враќање на земјоделскот дух кај населението, анализа на почвата и водата за наводнување, организирање на настани со цел запознавање на населението на општината со производителите на земјоделски култури/винарии во општината, едуцирање на земјоделците, приближување на програмите за финансиска поддршка во земјоделието, субвенции и сл. се дел од активностите кои треба да се преземат за да имаме непрекинато земјоделско производство и да им дадеме поддршка на земјоделците кои се наоѓаат во Општина Ѓорче Петров.

### ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

- Едуцирање на земјоделците за подобра, поквалитетна и поздрава храна
- Добивање на поголеми приходи
- Правилно искористување на природните ресурси
- Еко туризам
- Засадување на шумски дрвја

## II. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

1. Контрола на каналите за наводнување
2. Изработка на земјоделски регистар за Општина Ѓорче Петров
3. Организирање на настани од областа на земјоделието вклучувајќи ги земјоделските домаќинства на територија на Општина Ѓорче Петров

### 1.Изработка на земјоделски регистар за Општина Ѓорче Петров

Податоците со кои располагаме до сега во однос на земјоделско земјиште на Општина Ѓорче Петров се многу одамна и за истите е потребно нивно обновување, а се со цел при аплицирање за различни проекти од областа на земјоделието и пошироко онаму каде се потребни такви податоци, истите ќе бидат поверодостојни. На овој начин ќе се знае колку земјоделско земјиште и колку земјоделски семејства имаме.

**Вкупно буџет..........................................................................00,00 ден.**

**2. Организирање на настани од областа на земјоделието вклучувајќи ги земјоделските домаќинства на територија на Општина Ѓорче Петров**

Организирањето на ваквиот вид на настани имаат за цел запознавање на населението на Општина Ѓорче Петров, па и пошироко, со земјоделските капацитети кои таа располага. Односно, запознавање со директите производители на земјоделски култури, едукативно-информативни работилници за можностите за развој на агро-туризмот и продажба на земјоделски производи од куќен праг. Во овие работилници е вклучено и органското производство.

**Вкупно буџет.......................................................................00,00 ден.**

**Вкупен буџет.......................................................................00,00 ден.**

Програмата ја следи и реализира Градоначалникот на општината преку Сектор за економски одржлив развој.

До советот се доставува годишен извештај за реализација на Програмата за активностите од областа на земјоделието на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2023 година.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-2388/17** — **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 28.12.2022 година** — **Претседател,**
**Скопје** — **Ленче Нелоска**